за давање на согласност на Годишната сметка за 2024 год. на ОУ„Симче Настовски„ - Вратница

Член 1

Советот на Општина Јегуновце дава согласност на Одлуките за прифаќање на годишните сметки за 2024 год. на ОУ „Симче Настовски„ - Вратница

за с-ка Буџетски дотации на локални ниво	731010-7331-903-15
за с-ка Сопствени приходи	731010-7331-787-10
за с-ка Општински дотации	731010-7331-603-13
за с-ка Буџетски приходи	160010-7331-603-10

што Училишниот одбор на ОУ „Симче Настовски„- Вратница ги прифати на ден 20.02.2025 год. под бр.05-54/1, бр.05-54/2, бр.05-54/3 и бр.05-54/4.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-527/10
10.03.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/200202 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Завршната сметка за 2024 година на ЈЛУ Библиотека „Светлина-Drita„ с. Прељубиште-Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Завршната сметка за 2024 година на ЈЛУ Библиотека „Светлина-Drita„ с. Прељубиште-Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.03.2025 год.

Бр. 09-580/9
11.03.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на педесетивтората седница одржана на ден 10.03.2025 год. донесе

О Д Л У К А
за давање на согласност на Завршната сметка за 2024 год. на ЈЛУ Библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште-Општина Јегуновце

Член 1

Советот на Општина Јегуновце дава согласност на Одлуката за усвојување на Завршната сметка за 2024 год. на ЈЛУ Библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште-Јегуновце бр.0202-7/3 што УО на ЈЛУБ ја донесе на ден 11.02.2025 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-527/11
10.03.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/200202 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за давање на согласност на Завршната сметка за 2024 година на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи Јегуновце с. Јегуновце, Јегуновце

Се прогласува Одлуката за давање на согласност на Завршната сметка за 2024 година на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи Јегуновце с. Јегуновце, Јегуновце , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.03.2025 год.

Бр. 09-580/10
11.03.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на педесетивтората седница одржана на ден 10.03.2025 год. донесе

О Д Л У К А

За давање на согласност на Годишна сметка за 2024 год. на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце

Член 1

Советот на Општина Јегуновце дава согласност на Одлуката за усвојување на Годишна сметка за 2024 год. на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце бр.02-95/3 што Управниот одбор на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце ја усвои на ден 28.02.2025 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-527/12
10.03.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/200202 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во Општина Јегуновце за 2024 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во Општина Јегуновце за 2024 година , што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.03.2025 год.

Бр. 09-580/11
11.03.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24) и член 21 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на педесетивтората седница одржана на ден 10.03.2025 год. донесе

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици во Општина Јегуновце за 2024 год.

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинскикте патишта и улици во Општина Јегуновце за 2024 год. бр. 09-524/1 од 04.03.2025 год. и истиот е составен дел на овој Заклучок.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„

Бр. 08-527/13
10.03.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/200202 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во Општина Јегуновце за 2025 година

Се прогласува Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општински патишта и улици во Општина Јегуновце за 2025 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.03.2025 год.

Бр. 09-580/12
11.03.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 60 и 61 од Законот за јавните патишта ("Сл.весник на РМ" бр.84/08, 52/09,114/09,124/10, 23/11, 53/11...163/16) член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 12 од Статутот на Општина Јегуновце ("Сл.гласник на Општина Јегуновце" бр.21/03), Советот на Општина Јегуновце на педесетивтората седница одржана на ден 10.03.2025 год. донесе

П Р О Г Р А М А

За изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2025 година

Со оваа Програма се настојува да се опфатат сите годишни работи за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улиците во Општина Јегуновце за 2025 година.

Покрај ова во Програмата ќе бидат опфатени и работите околу доградба на линии за улично осветлување и одржување на уличното осветлување по населените места во општината.

Реализацијата на предвидените работи со Програмата во основа ќе зависи од приливот на финансиски средства за тековната 2025 година како и ангажираноста и учеството на месната самоуправа во изградбата и одржувањето на општинските патишта и улици.

Според известување од ЈП за државни патишта-Скопје средствата наменети за изградба, реконструкција, одржување и заштита на општинските патишта и улици за Општина Јегуновце за 2025 г. изнесуваат 2.293.969,00 ден.

I. Приходи

1. Од Агенцијата за државни патишта		2.293.969 ден.
2. Надоместок за улично осветлување		8.000.000 ден.
3. Надоместок за градежно земјиште		800.000 ден.
	Вкупно:	11.093.969 ден.

Од предвидените приходи средствата ќе се реализираат како следи:

II. Расходи

1. За изградба на општински патишта и улици,		2.293.969 ден.
2. За потрошена електрична енергија изградба и одржување на ул.осветлување		8.000.000 ден.
3. За редовно инвестиционо одржување		800.000 ден.
	Вкупно:	11.093.969 ден.

Од планираните средства за изградба и одржување се предвидуваат следниве работи:

Изградба на општински патишта и улици, крпење на најоштетените делови од локалната патна мрежа и тампонирање на улици по населените места на Општина Јегуновце.

За зимско одржување на општинската патна мрежа ќе се ангажира организација спремна со механизација за таква намена.

Предвидените средства од Агенцијата за државни патишта према расходи би биле:

- за изградба 50%	1.146.984 ден.
- за редовно инвестиционо одржување 50%	1.146.985 ден.

Планираните средства за улично осветлување ќе се реализираат за потрошена ел. енергија, за купување на електро опрема за улично осветлување и за одржување на уличното осветлување.

Планираните средства од надоместок за градежно земјиште ќе се реализираат за редовно инвестиционо одржување на патишта и улици

Реализацијата на Програмата ќе зависи од приливот на средствата.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-527/14
10.03.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/200202 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за избор на член на Управен одбор на ЗЈП „Русино-Полог„

Се прогласува Одлуката за избор на член на Управен одбор на ЗЈП „Русино-Полог„ што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.03.2025 год.

Бр. 09-580/13
11.03.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 17 и 17-г од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 2/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на РСМ„ бр.275/19, 89/22 и 274/22), како и член 7 став 1 и 2 од Правилникот за формата и содржината на јавниот повик, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите и други прашања во врска со спроведувањето на постапката за именување и разрешување на членови на управен одбор на јавните претпријатија (Сл.весник на РСМ бр.283 од 27/12/2022 год. и член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр,5/02), на предлог на комисијата за селекција за избор на член во Управен одбор на ЗЈП „Русино-Полог„Советот на Општина Јегуновце на 52-та седницата одржана на ден 10.03.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
За избор на член во Управен одбор на ЗЈП „Русино-Полог„

Член 1

Со оваа Одлука, Советот на Општина Јегуновце именува член на Управен одбор на ЗЈП „Русино-Полог„ а по претходно формирана комисија за селекција за избор на член на Управен одбор на ЗЈП „Русино-Полог„.

За член на Управен одбор на ЗЈП „Русино-Полог„ се именува:

- **Зорица Цветковска Димовски**

Член 2

Комисија за селекција објави Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за член во Управниот одбор на ЗЈП „Русино„-Полог, кој во име на Советот на Општина Јегуновце го распише претседателот на Советот на Општина Јегуновце.

На Јавниот повик се пријави само горе именуваниот кандидат, кој по разгледување и проверка на сите приложени докази кои беа потребни за избор на член на Управниот одбор од страна на комисијата се утврди дека истата ги исполнува сите услови и истата се именува за член во Управен одбор на ЗЈП „Русино-Полог„.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-527/15
10.03.2025год.
Јегуновце

Совет на Општина Јегуновце
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/200202 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за усвојување на План за управување со ризик од поплави на територија на Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за усвојување на План за управување со ризик од поплави на територија на Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.03.2025 год.

Бр. 09-580/14
11.03.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 67 од Законот за заштита и спасување („Сл.весник на РМ„ бр.36/04, 49/04, 86/06, 124/10 и 18/11), член 122 точка 1 и член 123 точка 1 од Законот за води („Сл.весник на РСМ„ бр.87/2021), член 21 точка 1 и член 22 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24) и член 15 точка 10 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на педесетивтората седница одржана на ден 10.03.2025 год. донесе

О Д Л У К А
За усвојување на План за управување со ризикот од поплави на територија на општина Јегуновце

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува План за управување со ризикот од поплави на територија на општина Јегуновце.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето на „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-527/16
10.03.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/200202 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за начинот на вршење на видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Јегуновце

Се прогласува Одлуката за начинот на вршење на видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Јегуновце, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.03.2025 год.

Бр. 09-580/15
11.03.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24), а во врска со член 90 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ„ бр.42/20 и 249/20), и член 15 став 2 и 4 од Статутот на Општина Јегуновце („Службен гласник бр. 21/03, 16/10, 20/14, 26/15, 17/19 и 36/24), Советот на општина Јегуновце на педесетивторатa седница одржана на ден 10.03.2025 година, донесе:

О Д Л У К А
ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ВИДЕОНАДЗОР НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

Член 1

Со оваа одлука се уредува начинот на вршење на видеонадзор на јавните површини на подрачјето на општина Јегуновце (во натамошниот текст:Општината) и тоа: вршење надзор на јавни површини на територија на општина Јегуновце во својство на контролор, утврдување на техничките и организационите мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци обработени преку вршење видеонадзор, рок и начин на чување на записите од видеонадзорот и начин на бришење на видеозаписите, како и права и обврски на овластените лица што имаат пристап до системот за вршење на видеонадзор.

Член 2

Цел на видеонадзорот на подрачјето на Општината е обезбедување од заштита на создавање на депонии и заштита на животната средина во согласност со изготвената Анализа на целта, односно целите за кои се поставува видеонадзорот на јавните површини на територија на Општината и тоа:

- Заштита од создавање на диви депонии и загадување на животната средина.

Член 3

Видеозаписите се наоѓаат на монитор смсетен во просторија на Општината, при што ќе има назначено лице одговорно лице (офицер) за заштита на личните податоци. Офицерот е овластено лице за координирање и контрола на техничките и организационите мерки што се применуваат за тајност и заштита на обработката на личните податоци што има целосна контрола на системот.

Овластените лица се должни да потпишат Изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци преку системот за спроведување видеонадзор.

Овластените лице ќе имаат право да носат мобилен телефон без камера, а забрането е носење мобилен смарт телефон. На вработените им е забрането да работат и оперираат со податоците, немаат права да враќаат снимени материјали и да пренесуваат снимки на други медиуми.

Член 4

Системот ќе се изведе на ИП-базирано решение, односно секоја камера, во зависност од локацијата, ќе биде поврзана со бежична/оптичка врка директно во просторијата на општината.

Член 5

Преку системот за видеонадзор на подрачјето на Општината ќе се обработуваат следниве категории на податоци:

- Физички и физиолошки изглед на лицата што повремено влегуваат во фокусот на камерите што се поставени со цели пропишани во член 2 од оваа Одлука;
- Технички и организациони мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци обработени преку видеонадзорот;
- Општината ќе ги обезбеди следниве технички мерки за тајност и заштита на личните податоци добиени преку системот за вршење видеонадзор на подрачјето на Општината;
  -сопствено корисничко име и лозинка за вработениот (овластен)
  -промена на лозинката на три месеци

Член 6

Општината ќе ги обезбедува следните организациони мерки за тајност и заштита на личните податоци преку системот за вршење видеонадзор на подрачјето на Општината:

- Систем за автоматизиран пристап само на овластени лица;
- Систем за логирање на сите кои ја загадуваат животната средина;
- Почитување на техничките упатства за користење, инсталирање и одржување на опремата за вршење видеонадзор.

Член 7

Општината ќе води пристап и увид во обработените податоци преку системот за вршење на видеонадзор, при што евиденцијата ги содржи следните податоци:

- Реден број;
- Име и презиме на овластено лице;
- Време на пристап во системот за видеонадзор;
- Цел за пристапување до системот за видеонадзор;
- Датум и час на направена копија до која се пристапува;

Член 8

На сите локации каде што е поставен видеонадзор на видно место се истакнува известување дека се врши видеонадзор од страна на Општината, и целите за вршење на видеонадзорот.

Член 9

Прегледувањето на снимениот материјал се врши врз основа на поднесено писмено барање во Архивата на Општината во кое се наведуваат причините и законската основа поради која се бара увид во снимениот материјал и издадено писмено одобрение.

Прегледувањето на видеоматеријалот се врши во просторијата во присаство на овластеното лице од член 3 на оваа одлука.

Снимките направени при вршењето на видеонадзорот се чуваат до исполнување на целите за кои се врши видеонадзорот, но не подолго од 30 дена, освен со друг закон не е предвиден друг рок.

Член 10

Пристап и увид до личните податоци има администраторот на системот за видеонадзор во Општината и овластените лица утврдени во член 3 од оваа одлука.

Овластеното лице на системот за вршење на видеоназор е лице вработено во Општината утврдено во член 3 на оваа Одлука.

Овластеното лице во системот за видеонадзор е лице вработено во Општината овлстено со посебен акт (овластување) за видеонадзор, а по потреба може да овласти и други лица за пристап на снимените материјали од видеонадзорот и за пристап до компјутерската единица за видеонадзор.

Овластеното лице има пристап до видеонадзорот, го одржува системот за видеонадзор, има пристап до архивата за видеонадзор на снимените материјали.

Член 11

Периодична оценка врши офицерот за заштита на личните податоци на секои две години за постигнатите резултати од системот за вршење на видеонадзор.

Периодичната оценка се однесува на:

- Понатамошната оценка за користење на системот за вршење на видеонадзор;
- Целта односно целите з авршење на видеонадзор;
- Статистичките показатели за пристапот до снимките за видеонадзор;
- Начинот за искористување на снимките за која намена.

За иготвена оценка офицерот изготвува извештај.

Член 12

За се што е предвидено со оваа Одлука важат одредбите од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република северна Македонија„ бр.42/20 и 294/21).

Член 13

Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр.08-527/17
10.03.2025год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/200202 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Годишна програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Јегуновце за 2025 година

Се прогласува Годишната програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Јегуновце за 2025 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.03.2025 год.

Бр. 09-580/16
11.03.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 05/02 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 202/24), член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на Република Македонија" број 6/12, 166/14 и 150/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 53/21), Советот на општина Јегуновце, на седницата одржана на ден 10.03.2025 година, донесе:

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НАОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ ЗА 2025 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите ("Службен весник на Република Македонија" број 6/12, 166/14 и 150/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 53/21), општина Јегуновце има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која друга област од општествениот живот.

Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвување на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.

За остварување на оваа цел, општината согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото пожелно е да се изработи Годишна програма во која ќе бидат утвдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите.

Годишната програма за еднакви можности на општина Јегуновце за 2025 година се изготвува со цел реализирање на планираните активности на општината на полето на еднаквите можности за жените и мажите за 2025 година. Почитувајќи

го принципот на еднакви можности, локалната власт може да направи значајни промени кои ќе доведат до подобра положба на жените во општината.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на Програмата за еднаквите можности на жените и мажите на општина Јегуновце и работа на КЕМ за 2025 година се:

- Зајакнување на институционалните механизми за воведување на еднаквите можности на жените и мажите во приоритетните области во надлежност на Општината (социјална заштита, образование, спорт, култура и слично).
- Промоција на родова еднаквост како вредност, преку информативни настани, манифестации, кампањи и едукации
- Поголема вклученост на жените во процесите на идентификување приоритети и одлучување во општината
- Унапредување на знаење на жените и континуирана грижа и заштита на сопственото здравје преку организирани предавања и редовни прегледи.

Главна задача на Општината и Комисијата е да работат на унапредување на состојбата на жените односно мажите и на обезбедување рамноправност помеѓу мажите и жените на локално ниво преку процесот на изготвување и усвојување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати.

III. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на општина Јегуновце се:

- безбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага Општината.
- Организирање средби за воспоставување, соработка на претставници од Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на еднакви можности.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на општина Јегуновце, во соработка со институциите на локално ниво.

IV. ФОРМИ И ОБЛИЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ

- Работилници
- Лобирање и креативни притисоци
- Организирање семинари
- Информирање на граѓаните
- Медиумска афирмација

V. ФИНАНСИРАЊЕ

За реализација на претходно наведените активности, средствата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Јегуновце во износ од 60.000 денари.

VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на програмата е Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Реализиацијата и следењето на активностите ќе биде преку Координаторката за еднакви можности од општина Јегуновце како и Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден по објавување во Службен гласник на општина Јегуновце, а ќе се применува до крајот на годината.

Бр.08-527/18
10.03.2025
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/200202 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош

Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиска помош, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.03.2025 год.

Бр. 09-580/17
11.03.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03) Советот на Општина Јегуновце на педесетивтората седница одржана на ден 29.08.2024 год., го разгледа барањето од Михаела Мишовска од с.Беловиште и донесе,

О Д Л У К А

За одобрување на финансиска помош

Член 1

Од Буџетот на Општина Јегуновце на Михаела Мишовска од с.Беловиште и се одобрува еднократна финансиска помош во износ од 25.000 ден.

Средствата од став 1 на овој член се одобруваат како финансиска помош за престојните семинари кои ќе се одржат во Република Јапонија за подготовка на престојното светско карате првенство кое ќе се одржи во Каиро Египет 2025 год.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Јегуновце„.

Бр. 08-527/19
10.03.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3, а во врска со член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/200202 и „Службен весник на РСМ„ бр.202/24) и член 39, став 1, член 54, а во врска со член 53 став 3 од Статутот на Општина Јегуновце (Сл. гласник на Општина Јегуновце„ бр. 21/03), Градоначалникот на Општина Јегуновце, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување на Заклучок број 08-527/20 од 10.03.2025 година

Се прогласува Заклучок број 08-527/20 од 10.03.2025 година, што Советот на Општина Јегуновце ја донесе на седницата одржана на 10.03.2025 год.

Бр. 09-580/18
11.03.2025 год.
Јегуновце

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски,с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02 и Сл.весник на РСМ 202/24) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Јегуновце („Сл.гласник на Општина Јегуновце„ бр.21/03), по барање бр.0302-272/1 од 06.02.2025 год. доставено од Месна организација Јегуновце, Советот на Општина Јегуновце на педесетивтората седница одржана на ден 10.03.2025 год. го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Советот на Општина Јегуновце барањето бр.0302-272/1 од 06.02.2025 год. доставено од Месна организација Јегуновце, поддржано од месните организации во селата: Подбреѓе, Јанчиште, Раотинце, Копанце, Туденце, Сиричино, Прељубиште, Жилче, Ратае и Шемшово го поддржува барањето и се приклучува на иницијативата со цел да се спречи отворањето на казино во с.Јегуновце.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на „Општина Јегуновце„.

Бр. 08-527/20
10.03.2025 год.
Јегуновце

СОВЕТ НА ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Претседател
Перица Савески, с.р.

Врз основа на член 24-а од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ", бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/15, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ„ бр.275/19 и 89/22), член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ", бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24) и член 16 став 1 точка 1 од Статут на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце бр.01-2/4 од 02.07.2021 година, Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 03.03.2025 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување вршител на должност Директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце

1. Љупчо Столески од с.Жилче со ЕМБГ 2707963470006 и број на лична карта М1144417 издадена од МВР Тетово се разрешува од должноста вршител на должност Директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце, заклучно со 02.03.2025 год., поради истек на мандат.

2. Лицето од точка 1 на ова Решение, со Решениебр.09-1653/1 од 03.09.2024 год. беше именувано за вршител на должност директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце за период од шест месеци.

3. Со денот на влегување во сила на ова Решение престанува да важи Решението бр.09-1653/1 од 03.09.2024 г.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

Врз основа на член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ", бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/15, 64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ„ бр.275/19 и 89/22), член 50 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ", бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ„ бр.202/24) и член 11 став 2 од Статут на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце бр.01-2/4 од 02.07.2021 година, Градоначалникот на Општина Јегуновце на ден 03.03.2025 год., донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за именување на Вршител на должност директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце

1. Ацо Евковски од с.Раотинце со ЕМБГ 3001986470023 и број на лична карта М0789630 издадена од МВР Тетово, се именува за ВД директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, почнувајќи од 03.03.2025 год. до 02.09.2025 год.

2. Вршителот на должноста директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце ќе ги врши работите до именување на нов директор но не подолго од 6 месеци од денот на именувањето.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Јегуновце".

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ
Градоначалник
Димитар Костадиноски, с.р.

Д О Г О В О Р

ЗА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

Склучен помеѓу

1. Општина Јегуновце, со седиште на ул. 101 , бр.бб, Јегуновце, застапувана од страна на Градоначалникот Димитар Костадиноски, од една страна и
2. Општина Брвеница , со седиште на ул. ,, М.Тито,, бр.бб, Брвеница, застапувана од страна на Градоначалникот Јовица Илиевски, од друга страна

Член 1

Предмет на Овој договор е воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу двете договорни општини, согласно член 14 од од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на Р.М. ,, бр. 05/02) и член 9 став 2 алинеја 2 и член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка (,, Сл. весник на Р.М. бр. 79/2009), за успешно извршување на работите и работните задачи што се во надлежност на општините од надлежност на заштита на животната средина (одобрување на елаборат за заштита на животната средина и Б-интегрирани еколошки дозволи), инспекција за заштита на животната средина и градежната инспекција , од страна на Општина Брвеница , а за сметка на Општина Јегуновце.

Член 2

Општина Брвеница во корист и за сметка на Општина Јегуновце преку својата инспекциска служба ќе врши инспекциски надзор од областа на заштита на животната средина и градежништво, како и вршење на работи од надлежност на заштита на животната средина (одобрување на елаборат за заштита на животната средина и Б-интегрирани еколошки дозволи) и др.

Државните службеници од Општина Брвеница , својата работа ќе ја извршуваат согласно закон и подзаконски акти, согласно утврдени начела и стандарди за овој вид на работа.

Општина Брвеница ќе ги врши работите од Член 1 од овој Договор без надоместок.

Член 3

Овој Договор влегува во сила со денот на потпишувањето од страна на двете договорни страни, а се склучува за времетраење најдоцна до 31.12.2025 година.

Член 4

Овој Договор може да се раскине заради непочитување на одредбите од страна на двете договрни страни.

Оовој Договор може да се раскине и по барање на една од договорните страни , но по претходно известување на договорната страна која тоа го бара и тоа најмалку во рок од 30 дена пред раскинување на договорот.

Член 5

Договорните страни се согласни евентуалните спорни односи да ги разрешуваат на спогодбен начин, во спротивно надлежен е Основниот суд во Тетово.

Член 6

Овој договор е склучен во 6 (шест) еднакви примероци , по три за секоја од договрните страни и истиот ќе биде објавен во ,, Службен весник на Република Северна Македонија,, на терет на Општина Јегуновце.

Општина Јегуновце
Градоначалник
Димитар Костадиноски с.р.

Бр. 03-238/1
03.02.2025 год.

Општина Брвеница
Градоначалник
Јовица Илиевски с.р.

Бр. 03-147/1
03.02.2025 год.

С О Д Р Ж И Н А

Страна

1. Решение за прогласување на Буџетски календар за донесување на Буџетот на општина Јегуновце за 2026 г. 1

2. Буџетски календар за донесување на Буџетот на општина Јегуновце за 2026 г. 2

3. Решение за прогласување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Јегуновце за 2024 г. 4

4. Завршна сметка на Буџетот на ЕЛС Јегуновце за 2024 г. 5

5. Решение за прогласување на Одлуката за усвојување на Завршната сметка на Буџетот на ЕЛС Јегуновце за 2024 32

6. Одлука за усвојување на Завршна сметка на Буџетот на ЕЛС Јегуновце за 2024 33

7. Решение за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештајот од извршениот попис на средствата, ситен инвентар и попис на благајната со состојба 31.12.2024 год. во Општина Јегуновце 34

8. Заклучок за усвојување на Извештајот од извршениот попис на средствата, ситен инвентар и попис на благајната со состојба 31.12.2024 год. во Општина Јегуновце 35

9. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2024 год. на ЈОУДГ ЈАБОЛЧИЊА с.Јегуновце 36

10. Одлука за давање согласност на Годишната сметка за 2024 год. на ЈОУДГ „ЈАБОЛЧИЊА с.Јегуновце..... 37

11. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2024 год. на ООУ „Александар Здравковски„ Јегуновце 38

12. Одлука за давање согласност на Годишната сметка за 2024 год. на ООУ „Александар Здравковски„ Јегуновце 39

13. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2024 год. на ООУ„Шемшово„ -.Шемшово..... 40

14. Одлука за давање согласност на Годишната сметка за 2024 год. на ООУ „Шемшово„ -Шемшово 41

15. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка за 2024 год. на ООУ„Симче Настовски„ Вратница 42

16. Одлука за давање согласност на Годишната сметка за 2024 год. на ООУ „Симче Настовски„ Вратница..... 43

17. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Завршната сметка за 2024 год. на ЈЛУ Библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште-Општина Јегуновце..... 44

18. Одлука за давање согласност на Завршната сметка за 2024 год. на ЈЛУ Библиотека Светлина-Drita с.Прељубиште-Општина Јегуновце..... 45

19. Решение за прогласување на Одлуката за давање согласност на Завршна сметка за 2024 год. на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце..... 46

20. Одлука за давање согласност на Завршна сметка за 2024 год. на Општинско јавно претпријатие за вршење на комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце..... 47

21. Решение за прогласување на Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици во Општина Јегуновце за 2024 год. 48

22. Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици во Општина Јегуновце за 2024 год. 49

23. Решение за прогласување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2025 година 50

24. Програма за изградба, реконструкција и одржување на општинската патна мрежа и улиците во Општина Јегуновце за 2025 година 51

25. Решение за прогласување на Одлуката за избор на член во Управен одбор на ЗЈП „Русино-Полог„..... 53

26. Одлука за избор на член во Управен одбор на ЗЈП „Русино-Полог„..... 54

27. Решение за прогласување на Одлуката за донесување на План за управување со ризикот од поплави на територијата на општина Јегуновце..... 55

28. Одлука за донесување на План за управување со ризикот од поплави на територијата на општина Јегуновце..... 56

29. Решение за прогласување на Одлуката за начинот на видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Јегуновце 57

30. Одлука за начинот на видеонадзор на јавните површини на подрачјето на Општина Јегуновце 58

31. Решение за прогласување на Годишна програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Јегуновце за 2025 год. 61

32. Годишна програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Јегуновце за 2025 год. 62

33. Решение за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиска помош 65

34. Одлука за одобрување на финансиска помош 66

35. Решение за прогласување на Заклучок број 08-527/20 од 10.03.2025 г..... 67

36. Заклучок број 08-527/20 од 10.03.2025 г..... 68

37. Решение за разрешување вршител на должност Директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце..... 69

38. Решение за именување Вршител на должност директор на Општинско јавно претпријатие за вршење комунални работи ЈЕГУНОВЦЕ с.Јегуновце, Јегуновце..... 70

39. Договор за меѓуопштинска соработка 71